Закон за изменување на ЗСО (Службен весник на РСМ бр.170 од 27.07.2026



**2607.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за супервизија на осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јули 2026 година.

Бр. 08-4821/1
21 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 45/12, 64/12, 23/13, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 31/20, 173/22 и 3/25), во член 23 во ставот (2) зборовите: „во постојан работен однос во друштвото за осигурување" се заменуваат со зборовите: „во работен однос во друштвото за осигурување кој е регулиран со договор за уредување на односите меѓу друштвото и членот на органот на управување (менаџерски договор)".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I G J I**
**I NDRYSHIMIT TË LIGJIT TË MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE**

Neni 1

Në Ligjin e Mbikëqyrjes së Sigurimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/10, 44/11, 7/12, 45/12, 64/12, 23/13, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/19, 31/20, 173/22 dhe 3/25) në nenin 23 në paragrafin (2) fjalët: „në marrëdhënie të rregullt pune në Shoqërinë e sigurimeve" zëvendësohet me fjalët: „në marrëdhënie pune në Shoqërinë e sigurimeve, e rregulluar me marrëveshje për rregullimin e marrëdhënieve ndërmjet Shoqërisë dhe anëtarit të organit drejtues (kontratë menaxheriale)".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**2608.**

Врз основа на член 2 став (3) и член 18 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24, 272/24 и 39/26), и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 јули 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во член 1 од Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 47/26), во табелата во делот Именувани функционери во Владата, служби на Владата, национални координатори и други функционери, по точка 35 „Национален координатор за креирање и следење на национални стратегии и политики на немнозински заедници-2,33", се додаваат две нови под точки 35-а и 35-б кои гласат:

- 35-а „Национален координатор за култура- коефициентот- 2,33" и
- 35-б „Национален координатор за следење на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030- коефициентот- 2,33".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 18 – 2491/2
21 јули 2026 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски**, с.р.

---

**2609.**

Врз основа на член 96 став (1) точка 1), став (4) и став (7) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јули 2026 година, донесе